**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Ул. “Македонија“ бр. 5, 1000 Скопје** | тел. **02/3 218 130** факс. **02/3 218 131 | contact@ssrm.mk**
**Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup** | tel. **02/3 218 130** faksi. **02/3 218 131 | contact@ssrm.mk**

Бр. ____________
_______________
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 482-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

Скопје, 27-ми март 2024 година

Седницата се одржа на ден: 27.03.2024, среда во 11:00 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- Весна Дамева, претседател;
- Ханиф Зендели заменик претседател;
- Сашко Георгиев, член;
- м-р Антоанета Димовска, член;
- Лорета Горгиева, член;
- м-р Ивица Николовски, член;
- Мирсад Суроји, член;
- м-р Селим Адеми, член;
- Павлина Црвенковска, член;
- м-р Тања Чачарова Илиевска, член.

Отсутни членови:

- м-р Миљазим Мустафа, член *(на боледување)*;
- Беса Адеми, претседател на Врховен суд *(отсутна поради лични, неодложни, оправдани причини)*;
- Кренар Лога, министер за правда *(уредно поканет, но не известил за причините за отсуство)*.

Присутни од стручната служба:

- Весна Толева, ВД генерален секретар;
- Вера Андрејчин, советник;
- Ален Раденковиќ, помлад соработник.

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на медиумите и друга поширока јавност.

Согласно чл.8 ст.1 од Законот за Судскиот совет седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог дневниот ред за 482-та седница.

Извести дека од страна на претседателката на Врховниот суд во прилог на наводите за нејзиното отсуство навела дека со оглед на тоа дека во точка 4 од дневниот ред се разгледува Годишен извештај за работата на Врховниот суд замолува точката да се одложи, бидејќи би сакала да земе активно учество во расправата по однос на разгледување и усвојување на Годишниот извештај.

Во таа насока укажа дека станува збор за статистички податоци. Не се разгледува Годишниот извештај поединечно за Врховниот суд, туку од причина што во извештаите за судовите кои претходно биле разгледувани недостасувале податоците за Врховниот суд и Основниот суд Берово, по нивното прибавување истите треба да се вметнат во Годишните извештаи кои претходно биле разгледувани. Предвид наведеното предложи да не се повлекува точката 4 од дневниот ред.

Исто така, предложи претставките УПП.бр.28/24, 39/24, 61/24 и 71/24 на известителот, членот на Советот Миљазим Мустафа да се повлечат поради негово отсуство.

Претседателот на Советот отвори расправа по предлог измените на Дневниот ред.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска и наведе дека во делот на претставките направен бил превид во бројот и пријавената претставка УПП.бр.08-79/24, всушност требала да биде УПП.бр.08-72/24. Од причина што претставката УПП.бр.08-72/24 е врзана со претставката УПП.бр.08-92/24 која е пријавена, предложи и двете претставки да се повлечат од дневниот ред.

Откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор претседателот на Советот Дневниот ред со предлог измените го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на:
- Записник од 479-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 21.02.2024 година;

2. Постапување по приговор од судија поднесен против годишен распоред за изменување и дополнување на годишниот распоред за работа на Основен граѓански суд Скопје за 2024 година;

3. Донесување на Одлука за утврдување на бројот на слободни судиски места на X-та генерација на слушатели во Академијата за судии и јавни обвинители;

4. Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работата на Врховен суд на Република Северна Македонија и Основен суд Берово;

5. Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа:
- УПП бр. 64/24, 84/24;
- УПП бр. 62/24;
- УПП бр. 301/23, 9/24, 23/24, 34/24, 45/24, 56/24, 65/24;
- УПП бр. 87/24;
- УПП бр. 360/23, 404/23, 30/24, 41/24, 66/24;
- УПП бр. 8/24, 32/24, 83/24;
- УПП бр. 346/23, 399/23, 49/24, 60/24, 70/24, 80/24, 90/24;
- УПП бр. 59/24, 69/24, 99/24 и
- УПП бр. 58/24, 68/24, 88/24.

6. Формирање на комисии на известители по поднесени барања за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд и

7. Разно.

Точка 1
(Усвојување на Записник од 479-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 21.02.2024 година)

● Претседателот на Советот отвори расправа по Записник од 479-та седница на Судскиот совет на РСМ од 21.02.2024 година.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска. Истакна забелешка дека во записникот во точката 8 воопшто не ги содржи дискусиите кои ги имале. Нејзината дискусија ја нема, а и дискусиите на колегите биле скратени и нејасни. Предложи да се дополни записникот во тој дел.

За збор се јави претседателот на Советот Весна Дамева. Прво, посочи 8-та точка цела да се преработи, бидејќи недостасуваат речиси сите дискусии.

Второ, кај последниот пасос од стр.6 и првиот пасос од стр.7 да се преслуша тонскиот запис, бидејќи не кореспондира гласањето и дадениот предлог со донесеното решение.

Трето, во делот на записникот каде што е нотирано дека во моментот не е присутен членот на Советот Павлина Црвенковска, а подоцна и членот на Советот Мирсад Сурои, да се нотира дека колешката дошла порано, па потоа гласала, а веднаш потоа влегол и колегата и гласал на наредната точка. Тоа од причина што, видно од листингот не се поклопуваат бројот на гласови со бројот на присутни членови.

Откако констатира дека никој повеќе не се јави за збор претседателот на Советот записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 9 гласа - „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен со констатираните забелешки.

*Напомена: За усвојување на записникот не гласа членот на Советот Лорета Горгиева од причина што не била присутна на предметната седница.*

Претседателот на Советот констатира дека е исцрпена 1-та точка од дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 2-та точка од дневниот ред.

Точка 2

(Постапување по приговор од судија поднесен против годишен распоред за изменување и дополнување на годишниот распоред за работа на Основен граѓански суд Скопје за 2024 година)

● По повод 2-та точка од дневниот ред претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот Ивица Николовски во својство на координатор.

За збор се јави членот на Советот Ивица Николовски и наведе дека од страна на колешката Кети Германова, судија на Основен граѓански суд Скопје е изјавен Приговор на измените и дополнувањата на Годишниот распоред за работа на Основниот граѓански суд Скопје за 2024 година, донесен на ден 12.03.2024 година. Во приговорот колешката наведува дека од денот кога е избрана, а тоа е периодот од 2013 година, до денот на донесување на измените на Годишниот распоред била распоредена во Одделот за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови, а конкретно постапувала во имотни спорови и спорови од мала вредност. Скоро 10 години и повеќе дури била и раководно лице. Колешката укажува дека со измените на Годишниот распоред сега е распоредена во Одделот за работни односи, спротивно на нејзината волја. Смета дека ова дејствије не е правилно преземено од страна на претседателот на судот, кој менаџира со судот и кој го носи Годишниот распоред и тоа од формален аспект. При тоа се повикува на одредбите од чл.39 од Законот за судовите кој го решава ова прашање. Самата колешка наведува дека судија може да биде преместен од еден во друг Оддел со негова согласност. По исклучок тоа може да биде и без негова согласност, но за период од една година. Во приговорот наведува дека измените немаат посебно образложение. Самата колешка појаснува дека поради одење во пензија на еден од колегие кој бил распореден во Одделот за работни односи, на нејзино место е поставена сега судијата. Тоа е направено по прибавено мислење од Врховниот суд и меѓудругите наводи колешката поставува прашање зошто нејзе, а не други. Тоа на што приговара е дека смета дека од формален аспект направен е пропуст од страна на претседателот, затоа што смета дека тоа дејствие претседателот може да го направи со донесување на посебно решение со времетрање од една година и по истекот на таа година согласно законските одредби ако не постои согласност, не постои волја сега распоредената колешка се враќа во стариот Оддел.

Наведе дека за прашањето треба да одлучува Судскиот совет. Тоа од причина што може да се даде било каков наслов, но треба да се внимава дејствијата да бидат преземани и насловени онака како што е и духот и интенцијата на законодавецот. Годишен распоред за работа еден претседател донесува на почетокот на годината и тој

распоред претходно бил донесен. Во моментот со наслов измени на Годишниот распоред претседателот реагира. Тоа е негова право, тој е одговорен, тој менаџера, тој води сметка и треба да води сметка дали еден суд треба да биде ажурен, да внимава на ефикасноста на судот, на пополнетост на одделите со определ број на судии, зависно од приливот на предмети инт. Но, смета дека треба да му се укаже на претседателот да го измени тој формален акт и по однос на прашањето да одлучи со решение, за период од една година и по истекот на тој период колешката се враќа назад или можеби до година со годишниот распоред претседателот ќе смета поинаку. Во ваков случај ако со донесената одлука со наслов измени и дополнувања на Годишниот распоред остане таква како што е смета дека колешката е обесправена. Од тие причини, предложи да се прифатат наводите, да му се укаже на претседателот да донесе од формален аспект исправна одлука, усогласена со одредбите на чл.39 и одредботе од Судскиот деловник.

Во продолжение, претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот Тања Чачарова Илиевска и наведе дека се согласува во целост со наводите на координаторот на Основниот граѓански суд. И покрај тоа што Приговорот е насловен како Приговор против измени и дополнувања на годишен распоред за работа од 12.03.2024 година, сепак тука станува збор за времено упатување на судија од еден во друг оддел, во рамките на истиот суд, без негова согласност, а по претходно прибавено мислење од Општа седница од Врховен суд. Во таков случај, тоа може да се подведе како прашање под чл.39 ст.8, задолжително мора да има посебна одлука во која децидно ќе биде определено времето за кое е упатен судијата со образложените причини за негово упатување. Причините може да се видат и од самиот годишен распоред за работа, меѓутоа во решението мора да биде рокот на времено упатување децидно наведен, затоа што кога нема согласност од судијата тоа времено упатување може да биде најдолго во рок од една година во временски период од пет години. Нема право претседателот на судот за подолг рок во рамките на тој петгодишен период времено да го упатува истиот судија од еден во друг оддел или од еден во друг суд. Истакна дека ќе гласа за основаност на приговорот.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска и наведе дека се работи за Годишен распоред и за распределување на судијата од еден оддел во друг. Одлуката мора да биде образложена. Претседателот тука го прекршил законот, бидејќи направил само измена на годишниот распоред. Мора да се образложи одлуката, мора да биде за рок од една година, мора да биде индивидуализирана, зашто тој судија се упатува. Точно е дека судијата Кети Германова од нејзиниот избор работи во одделот за имотни спорови и мора да се укаже на претседателите на строго почитување на законот. Бидејќи де факто нема одлука мора само да се укаже на претседателот да донесе одлука, на која судијата повторно има право на приговор. Секое друго постапување би било надвор од законот.

За збор се јави членот на Советот Лорета Горгиева и наведе дека од страна на судијата Кети Германова точно е запишано дека истата приговара против Годишниот распоред за измена и дополнување на годишниот распоред за работа. Тоа што е неспорно е дека од страна на претседателот, заради околности наведени во самиот

приговор е направена промена во годишниот распоред, со што колешката Кети Германова е прераспоредена од еден во друг оддел во рамките на граѓанската материја. Не е распоредена од Граѓански оддел во Кривичен оддел. Дискреционо право на претседателот е да менаџира со работата на судот и дали во рамки на еден ист оддел ќе врши прераспоредување согласно потребните на судот од еден во друг оддел и не гледа пропуст. Дали од имотни, па во работни спорови сето тоа е во рамки на иста граѓанска материја. Судијата не е прераспоредена од граѓанско во кривично.

Дискусијата на колешката Тања Чачарова Илиевска се однесува за делегирањата и упатување во работа од еден во друг суд, а не се работи за упатување на работа во друг оддел. Станува збор за работа во ист суд, во рамки на друг оддел, во рамки на граѓанска материја. Приговорот нема основа и тргнувајќи од тоа ќе гласа против тоа да биде истиот уважен.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска и наведе дека во конкретниот случај се работи за специјализиран суд со специјализирани оддели. Тоа е разликата на Граѓанскиот суд во однос на другите судови. Не се навлегува во правото на претседателот да прави годишен распоред, тоа никој не го спори, но мора да се донесе идивидуализирана одлука, зошто токму тој судија и времетраењето, а времетраењето е предвидено во законот.

За збор се јави членот на Советот Лорета Горгиева и наведе дека не е спорно дека се работи за специјализиран Граѓански суд. Дали во рамките на истата граѓанска материја ќе биде распоредена и во кој оддел конкретниот судија е дискреционо право на претседателот и точно со измена на годишниот распоред истиот одлучува за тоа. Не смета дека се повредени правата.

За збор се јави членот на Советот Тања Чачарова Илиевска и наведе дека во Основниот граѓански суд има неколку специјализирани оддели. Работните спорови, имотните спорови или трговското право, тоа се различни материи, иако се сите во рамките на граѓската материја. Заради тоа во Судскиот деловник има објаснување во однос на специјализираните судски оддели коишто се подведени под чл.39 ст.8 од Закон за судови.

За збор се јави членот на Советот Селим Адеми и наведе дека зачудува односот на судиите кои веднаш поднесуваат приговори кога ќе се распоредат со годишен распоред во друг оддел или на друга материја. Тие се судии и кога се бираат во судот никаде не пишува дека цел живот ќе работат на иста материја. Од друга страна, се бара од претседателот на судот да го менаџира судот, да раководи со судот, да биде ефикасен судот и да нема застој во судот. Познато е Граѓанскиот суд со колкав дефицит од судии работи, па имајќи ги предвид кадровските капацитети побара да му се даде простор на претседателот да го менаџира судот според сопствените видувања.

За збор се јави членот на Советот Ивица Николовски и наведе дека одредбата дава заштита на судиите во односите претседател - судии. Не случајно е предвидено дека судија не може од еден во друг суд да биде против негова волја, па понатаму се вели не може од еден во друг оддел. Правото на претседателот му дава и право на

судијата. Од тие причини претседателот од формален аспект има обврска да донесе индивидуална одлука со рок на важност. Сосема се согласува со излагањето на колегата Селим и претседателот на судот може истата одлука да се донесе, но со потребните формалности и наведени аргументи.

За збор се јави претседателот на Советот Весна Дамева и наведе дека повредена е процедурата. Не го спори дискреционото право на било кој претседател, па и на конкретниот, меѓутоа дискреционото право мора да биде во рамките на законот. Смета дека е прекршен чл.39 ст.8 и 9. Ќе гласа за уважување на приговорот од причините наведени од колегите со коишто и се поклопуваат ставовите.

*Претседателот на Советот констатира дека членот на Советот Мирсад Суроји ја напушти седницата од оправдани причини.*

Претседателот на Советот откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот да се уважи приговорот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 6 гласа „За“ и 3 гласа „Против“ предлогот е усвоен и донесено е следното:

РЕШЕНИЕ

Приговорот поднесен од Кети Германова, судија на Основен граѓански суд Скопје против Годишен распоред за изменување и дополнување на Годишниот распоред за работа на Основен граѓански суд Скопје за 2024 година Су.бр.02-36/24 од 12.03.2024 година со кој судијата се распоредува на предмети во работниот оддел на Основниот граѓански суд Скопје, заведен во Советот под бр.03-662/1 од 19.03.2024 година, се усвојува.

Претседателот на Основниот граѓански суд Скопје се задолжува да изготви писмено образложена одлука за распоредување на судијата Кети Германова во Одделот за работни спорови при Основниот граѓански суд Скопје.

Претседателот на Советот констатира дека е исцрпена 2-та точка од дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 3-та точка од дневниот ред.

Точка 3

(Донесување на Одлука за утврдување на бројот на слободни судиски места на X-та генерација на слушатели во Академијата за судии и јавни обвинители)

● По повод 3-та точка од дневниот ред претседателот на Советот информираше дека согласно чл.45 ст.1 од Законот за Судски совет е предвидено дека Советот со одлука врз основа на анализа го утврдува бројот на слободните судиски места за основните судови во државата, земајќи ги во предвид вкупниот број на слободни судиски места во основните судови како и проекцијата за потребите од местата кои ќе се пополнуваат по завршување на почетната обука. Во ст.2 од истиот член е предвидено дека одлуката од ст.1 Советот ја донесува со најмалку 7 членови со право на глас и ја

доставува до Академијата за судии и јавни обвинители, најдоцна до 31 март во годината во која одлуката е донесена.

Укажа дека за таа цел била формирана комисија која изготвила Анализа за утврдување на бројот на слободни судиски места во основните судови во РСМ. Истата Комисија направила и Проекција за бројот на слободни судиски места за основните судови во државата за X-та генерација на слушатели во Академијата за судии и јавни обвинители.

Во продолжение, претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот Антоанета Димовска во својство на известител.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска и наведе дека Комисијата за изготвување проекција за бројот на слободни судиски места за основните судови во РСМ за десеттата генерација на слушатели на Академијата за судии и јавни обвинители, на 25.03.2024 година, одржа состанок во нејзино присуство како претседател на комисијата и членот судија Лорета Горгиева, а во отсутво на членот м-р Миљазим Мустафа кој бил опрвдано отсутен поради боледување.

При изготвување на анализата членовите на комисијата ја имаа во предвид Анализата за потребниот број на судиски места во Врховниот суд на РСМ, Вишиот управен суд, Апелационите судови Скопје, Гостивар, Битола и Штип бр.03-818/1 од 15.09.2023 година, Анализата за потребните судиски места во Управен суд и основните судови во РСМ бр.02-517/1 од 26.02.2024 година и во Анализата за утврдување на број на слободни судиски места во основните судови во РСМ бр.02-401/2 од 06.03.2024 година.

Заради утврдување на релевантна проекција за бројот на слободни судиски места за основните судови во Република Северна Македонија за десттата генерација на слушатели на Академијата за судии и јавни обвинители, потребно е да се земе во предвид утврдениот број на потребни судиски места во судовите, бројот на судии кои ќе се пензионираат во 2024, 2025 и 2026 година.

Во основните судови за навремено и ажурно постапување по предметите бројот на потребни судии изнесува 434, моменталната пополнетост е 272 места, во 2024 година ќе се пензионират 11 судии, во 2025 година 15 судии и во 2026 година 14 судии или вкупно на крајот на 2026 година ќе бидат пензионирани 40 судии.

Во Апелациониот суд Скопје за навремено и ажурно постапување потребни се 66 судии, а во моментот се пополнети 35 судиски места.

Во Апелациониот суд Гостивар за навремено и ажурно постапување потребни се 20 судии, а во моментот се пополнети 13 судиски места .

Во Апелациониот суд Битола за навремено и ажурно постапување потребни се 20 судии, а во моментот се пополнети 9 судиски места.

Во Апелациониот суд Штип за навремено и ажурно постапување потребни се 12 судии, а во моментот се пополнети 7 судиски места.

До крајот на 2024 година ќе се пензиониораат 3-ца судии на апелационите судови, во 2025 година 8 судии на апелационите судови и во 2026 година ќе се пензионира 1 судија.

Ова значи дека во апелационите судови во моментов од предвидените вкупно 118 судии судиската функција ја вршат 64 судии. До крајот на 2026 година ќе се пензионират вкупно 12 судии.

Во Врховниот суд на РСМ за навремено и ажурно постапување потребни се 26 судии, во моментот судиската функција ја извршуваат 14 судии.

До крајот на 2024 година ќе се пензионира 1 судија на Врховниот суд на РСМ, до крајот на 2025 1 судија и до крајот на 2026 година 3-ца судии.

За да се пополнат судиските места до крајот на 2026 година во Врховниот суд на РСМ и апелационите судови, а имајќи ги во предвид сите погоре наведени параметри потребни се 85 судии.

Со оглед на се погоре наведеното произлегува дека на крајот на 2026 година во основните судови очекувано е да постапуваат 232 судии, во апелационите судови 54 и во Врховниот суд на РСМ 7 судии. Осмата генерација кандидати на Академијата за судии и јавни обвинители се очекува да ја заврши обуката на крајот на 2024 година и брои 55 кандидати, а за деветтата генерација Академијата запишува 100 кандидати за обука за судии.

Имајќи ги во предвид наведените бројки смета дека е потребно за десетата генерација да се изврши упис на 162 кандидати за судии.

Во продолжение, претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот Тања Чачарова Илиевска и наведе дека претходната Комисија која била формирана имала изготвено проекција за 10-та генерација и бројката била некаде 150 кандидати, меѓутоа се повлекла од седница, бидејќи имало задоцнување со приемот во Академијата. Укажа дека разликата е 12 и која бројка да се дефинира денес ќе се движи во рамките на 150-160 кандидати.

За збор се јави членот на Советот Селим Адеми и наведе дека станува збор за математички податоци. Точно е дека законот предвидува еднаш годишно Судскиот совет да достави број на потребни академци за определена генерација, но во реалноста не е така. Сега дава бројка за 10-та генерација, а 9-та генерација сеуште не е завршена. Преураното е сето тоа, но Судскиот совет треба да го запази рокот, да се достави бројката со напатствија дека околностите може да се изменат и одлуката може да претрпи измени.

*Претседателот на Советот констатира дека членот на Советот Мирсад Суроји повторно е присутен на седницата.*

Претседателот на Советот откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот да се усвои Извештајот на Комисијата го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесена е следната:

ОДЛУКА

Се утврдува бројот на слободни судиски места за основните судови во Република Северна Македонија на 162 (сто шеесет и два), за X-та (десеттата) генерација на кандидати за судии во Академијата за судии и јавни обвинители.

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Претседателот на Советот констатира дека е исцрпена 3-та точка од дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 4-та точка од дневниот ред.

Точка 4
(Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работата на Врховен суд на Република Северна Македонија и Основен суд Берово)

● По повод 4-та точка од дневниот ред претседателот на Советот информираше дека согласно чл.36 ст.1 ал.14 од Законот за Судски совет е предвидено дека Советот ги разгледува и оценува тримесечните и годишните извештаи за работа на судовите и јавно ги објавува на својата веб страна. Укажа дека годишните извештаи се поминати на една од минатите седници, меѓутоа недостасувал извештајот од Врховниот суд и од Основниот суд Берово, кои биле дополнително доставени. Посочи дека годишните извештаи кои биле реферирани од страна на колешките Павлина Црвенковска и Антоанета Димовска само се дополнети со овие извештаи.

Во таа насока збор даде на членот на Советот членот на Советот Павлина Црвенковска и Антоанета Димовска во својство на известители.

За збор се јави членот на Советот Павлина Црвенковска и наведе дека Врховниот суд месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 807 предмети, примил во работа нови 4611 предмети, и имал вкупно во работа 5418 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 4709, а останале на крајот на 2023 година нерешени 709 предмети.

Според наведените податоци Врховниот суд на Република Северна Македонија го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 98 предмети.

Во 2023 година Врховниот суд на Република Северна Македонија се оценува како ажурен.

Во 2022 година Врховниот суд на Република Северна Македонија се оценува како ажурен.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска и наведе дека Основниот суд Берово месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 670 предмети, примил во работа нови 3701 предмети, имал вкупно во работа 4371 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 3546 предмети, а останале нерешени 825 предмети.

Според наведените податоци Основниот суд Берово не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 155 предмети.

Во 2023 година Основниот суд Берово се оценува како неажурен.

Во 2022 година Основниот суд Берово се оценува како ажурен.

Напомена дека е познато во какви услови работи Основниот суд Берово, со еден судија кој е времено упатен, така што толку можело да се сработи.

За збор се јави претседателот на Советот Весна Дамева и го изрази своето задоволство од Врховниот суд затоа што се покажал во 2023 година како ажурен, исто како и претходната, меѓутоа воедно ја изрази својата разочараност од Основниот суд Берово, во смисла на недостаток на судии, која состојба е алармантна во сите судови и за жал и оние судови коишто не се ажурни не може да им се препише на товар дека не работеле. Сите работеле, но условите се тие и се надева дека во наредниот период тие состојби ќе надминуваат.

*Претседателот на Советот констатира дека членот на Советот Тања Чачарова Илиевска и членот на Советот Лорета Горгиева ја напуштија седницата од оправдани причини.*

Претседателот на Советот откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот да се изврши измена на Годишниот извештај за работа на судовите за 2023 година го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесена е следната:

ОДЛУКА

Се врши измена на Годишниот извештај за работа на судовите за 2023 година бр.02-522/5 од 01.03.2024 година така што се внесуваат податоци за Врховен суд на Република Северна Македонија и Основен суд Берово.

*Претседателот на Советот даде пауза во траење од 15 минути.*

По завршување на паузата претседателот на Советот констатира дека е исцрпена 4-та точка од дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 5-та точка од дневниот ред.

Точка 5

(Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија)

*Претседателот на Советот констатира дека членот на Советот Тања Чачарова Илиевска и членот на Советот Лорета Горгиева повторно се присутни на седницата.*

1. Претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот Сашко Георгиев во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка <u>УПП бр.08-64/1</u> од 15.02.2024 година - во претставката се изразува незадоволство од постапувањето на претседателот на Основен суд Гостивар во врска со одлуката донесена од негова страна по повод поднесено барање за изземање на нотар В.М. од постапување по оставинскиот предмет О.бр.120/22. Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката на седницата на Советот одржана на ден 27.03.2024 година расправаше по претставката и констатира дека истата е неоснована. Судскиот совет на Република Северна Македонија по направените извиди и увид во изјавата доставена од претседателот на судот кој одлучувал по барањето за изземање утврди дека претседателот на судот не постапувал субјективно и против законито туку постапувал законито, во рамките на своите овластувања и донел јасна и разбирлива одлука заснована на закон. Имено, од одговорот даден од претседателот на судот кој одлучувал по иземањето произлегува дека одлуката за изземање на нотар В.М. од постапувањето по оставинскиот предмет О.бр.120/22 ја донел откако констатирал дека горенаведениот нотар по приемот на предметот не превзела никакви дејствија во насока на правосилно завршување на оставинската постапка.Од наведеното произлегува дека претседателот на судот во својата одлука дал образложени причини кои се пропустите на предметниот нотар при постапување по оставинскиот предмет О.бр.120/22, а тоа е непревземање на дејствија во оставинската постапка со цел нејзино благовремено завршување, од кои причини наводите на подносителите на претставката дека не се дадени образложени причини за донесената одлука се неосновани. Врз основа на наведеното Советот констатира дека претставката е неоснована и дека не се најдени елементи на незаконито постапување на претседателот на судот во конкретниот случај.

Претставка <u>УПП. бр.08-84/1</u> од 01.03.2024 година - во претставката се изразува незадоволство од постапувањето на Основниот граѓански суд Скопје по предметот ПЛ1-П-373/19 и Апелациониот суд Скопје по предметот ГЖ.бр.3846/21. Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката ја разгледа истата на седницата на Советот одржана на ден 27.03.2024 година и по расправата по истата констатира дека е неоснована. Во конкретниот случај според наводите од претставката незадоволството на подносителот се однесува на процесните дејствија превземени од страна на првостепениот судија во текот на постапката. Од направените извиди и увидот во одлуката на првостепениот суд на која се однесува преставката, се утврди дека во конкретниот предмет судијата постапувал согласно со закон врз основа на што донел јасна и образложена одлука. Согласно одредбите од Законот за парничната постапка претседателот на Советот односно судијата поединец раководи со главната расправа, се грижи за уредно и благовремено превземање на сите дејствија во текот на постапката, одлучува за предлозите на странките, определува кои докази ќе се изведат вклучително и за барањето за спроведување на вештачење. Негова должност е да се грижи предметот на спорот сестрано да се претресе, но постапката поради тоа да не се одолжува. Судскиот совет на Република Македонија нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување или укинување на одлуките донесени од страна на судовите. Согласно одредбите од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Во конкретниот случај се работи за предмет во кој подносителот на претставката го искористил правото на контрола на првостепената одлука со поднесување на жалба пред надлежен

второстепен суд од кои причини наводите изнесени во претставката се жалбени наводи. По истите се произнел второстепениот суд при одлучувањето на поднесената жалба при што поднесената жалба од Ваша страна со одлука на Апелационен суд Скопје ГЖ.бр.3846/21 од 16.11.2023 година е одбиена како неоснована а провстепената пресуда ПЛ1-П 373/19 потврдена. По однос на наводите од претставката, со кои подносителот бара Советот да превземе мерки кон одговорните за пресудата и предметот да се врати на повторно судење согласно со одредбите од чл.36 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија Советот нема надлежност да враќа предмет на повторно судење. Таквото право го има само надлежен второстепен суд кое право во конкретниот предмет е искористено од страна на подносителот на претставката. Врз основа на утврденото Советот најде дека преставката е неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

2. Претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот Антоанета Димовска во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка УПП.бр.08-62/24. Поради неуспешна достава на известување до подносителот, ќе се направи повторен обид за достава на второ наведената адреса на подносителот.

Претседателот на Советот отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

3. Претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот Лорета Горгиева во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка УПП.бр.08-301/23. Претставката Советот ја разгледа на седницата одржана на ден 27.03.2024 година и по расправата констатира дека истата е најсоодветно да се затвори со службена белешка. Имено, До Судскиот совет на Република Северна Македонија, со претставка евидентирана под УПП.бр.08-301/1 од 14.09.2023 година се обрати Ј.С. од Неготино преку полномошник м-р А.Т. адвокат од Скопје во која меѓу другото наведува незадоволство од работата на Основниот суд Неготино по предметот К.бр.77/22. На ден 05.02.2024 година Советот побара изјава од судот по однос на наводите во претставката, а на 12.02.2024 година доставена е изјава од судијата кој постапувал по предметот. На ден 23.02.2024 година подносителот м-р А.Т. адвокат од Скопје достави поднесок со кој ја повлекува претставката. Претставката Советот ја разгледа на седницата одржана на ден 27.03.2024 година и по расправата констатира дека истата е најсоодветно да се затвори со службена белешка бидејќи подносителот претставката ја повлече.

По повод претставката УПП.бр.08-301/23 се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот Тања Чачарова Илиевска и наведе дека состојбата е сериозна, затоа што има против истиот судија и барање за утврдување на одговорност и има уште неколку претставки за идентично постапување со неприменување и на процесното и на материјалното право. Треба како членови на Судскиот совет да се заинтересираат, да се загрижат, посебно координаторот на судот сериозно да ја испита работата на судијата, зотоа што со таквите одлуки што ги носи судијата се прави сериозна штета и за граѓаните и за општеството. Дотолку повеќе што има и одлуки на судијата кои го чепнале и буџетот итн.

За збор се јави претседателот на Советот Весна Дамева и наведе дека се јавува сомнеж. Дали е тоа страв од поднесена претставка или притисок, не навлегува, но на сторени процесни повреди да се повлече претставка на тој начин не се враќа довербата во судството. Укажа дека претставката е повлечена и не може поинаку да се затвори од предлогот на известителот, но координаторот на судот да ги има во предвид наводите од претставката.

За збор се јави членот на Советот Ивица Николовски и наведе дека за член на Судскиот совет во својство на координатор не треба да постои претставка за да следи нечија работа. Претставката само помага и дава сомнежи за проблематично однесување ценето од другата страна. Укажа дека иако претставката е повлечена, како координатор има доволно наводи да го преиспита постапувањето на судијата.

По завршување на расправата известителот продолжи со реферирање на пријавените претставки.

Претставка УПП.бр.08-9/24. Во претставката, меѓу другото, подносителот наведува дека поднела втор приговор до судот на 01.12.2023 година по кој судот не

одлучил иако постапката по ваков тип на предмети е итна и сметате дека роковите се веќе оддамна надминати. Наведува дека судот одбивал да ја информира за исходот на предметот и смета дека постои несовесно ненавремено и немарно вршење на судиската функција од страна на вработените и Претседателот на судот. Од спроведените извиди, увидот во претставката, изјавата на судијата кој постапувал по предметот и од увидот во софтверската апликација "Контролник на судови", Советот најде дека неговиот приговор бил примен во судот на 01.12.2023 година по што бил оформен предметот ППНИ.бр.143/23. Списите по предметот биле доставени до судот на 12.12.2023 година и било донесено решение ППНИ.бр.143/23 од 15.12.2023 година со кое приговорот против налогот за извршување И.бр.1148/2023 од 15.11.2023 година на Извршителот Д.К. од Охрид е одбиен како неоснован, а предлогот да се укинат и стават вон сила клаузулите на правосилност и извршност на исправите и да се овозможи повторување на постапката, како и враќање во првобитна состојба, бил отфрлен како недозволоен. На 12.01.2024 година била поднесена жалба од страна на подносителката. Согласно сето наведено, предметот ППНИ.бр.143/23 на Основниот суд Охрид се наоѓа пред Апелациониот суд Битола на одлучување по поднесена жалба, па воедно наводите во претставката втоpостепениот суд ќе ги цени како жалбени наводи при одлучувањето. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Претставка <u>УПП.бр.08-23/24</u>. Во претставката, меѓу другото, подносителот изразува незадоволство од постапувањето на Основен суд Тетово, по предметот МалвП.бр.143/2021 и наведувате дека донесената пресуда од 05.11.2021 година била тенденциозна и неправилно донесена. Исто така изразувате незадоволство и од предметот К.бр.183/21 за која пресуда од 01.03.2021 година наведува дека била тенденциозна и незаконита. Од спроведените извиди, увидот во претставката и прилозите на истата, Советот најде дека подносителот веќе бил известен по претставка УПП.бр.08-190/23 од 14.12.2023 година, од одржаната седница на Советот на 08.11.2023 година во смила на тоа дека истата е неоснована, а во врска со предметите на Основен суд Тетово, МалвП.бр.143/2021 и К.бр.183/21. Со оглед на тоа дека во новата претставка не се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување, претставката ќе се затвори со службена белешка, согласно по член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози. Воедно Советот му укажува на подносителот дека во иднина за исти факти и околности нема да му биде одговарано.

Претставка <u>УПП.бр.08-34/24</u>. Во претставката, меѓу другото, подносителот изразува незадоволство од постапувањето на Управниот суд по предметите У-1.бр.395/2010 и УИ.бр.15/2020. Предметот УИ.бр.15/2020 е по жалба до Вишиот управен суд, а другиот предмет бил по тужба против потврда бр.1113/2023 од 12.06.2023 година. Предметот односно пресудата што е до Виш управен суд е У-1.бр.395/2010 од 31.03.2011 година. Истиот наведува дека Катастарот не сакал да ја спроведе пресудата и предметот бил повторно вратен пред Управниот суд. Во прилог на претставката доставува решение од кое можело да се види дека 9 м2 не биле дадени на В.С., а истиот водел судска постапка против подносителката. Бидејќи лицето В.С. немал никаков документ, за подносителката е нејасно како катастарот го води предметот без документ, а истата за

тие 9 м2 има правосилна пресуда од 15.06.1993 година од Основниот суд Крива Паланка. Во прилог на претставката доставува повеќе документи и тоа: потврда бр.1113-543/2023, пресуда У-1.бр.395/2010 од 31.03.2011 година, решение од катастар од 27.08.2008 година, решение од основен суд Крива Паланка од 20.05.2009 година и решение за приватизација од 29.11.2006 година. Од спроведените извиди, увидот во претставката, прилозите на истата и изјавите на судиите од Управниот суд, Советот најде дека со решение УИ.бр.15/2020 од 25.09.2020 година Управниот суд го одбил како неосновано барањето на подносителката судот да донесе акт кој во се ќе го замени актот на надлежниот орган во исполнувањето на пресудата У-1.бр.395/2010 од 21.01.2011 година. Со решение УИЖ-1.бр.4/2021 од 11.05.2022 година Вишиот управен суд ја усвоил жалбата и го укинал решението на Управниот суд УИ.бр.15/2020 од 25.09.2020 година и предметот го вратил на повторно одлучување пред Управниот суд. Решението било донесено согласно член 22, член 28 и член 42 од Законот за управните спорови. Потоа предметот во Управниот суд бил презаведен под УИ.бр.1/2022 и од страна на судијата известител е одлучено и било донесено решение на 13.07.2022 година со кое повторно Вашето барање судот да донесе акт кој во се ќе го замени актот на надлежниот орган го одбил како неосновано. Подносителката повторно поднела жалба и предметот на 22.02.2023 година бил доставен до Вишиот управен суд на одлучување по жалбата. Исто така на 07.07.2023 година до Управниот суд поднела тужба против потврда бр.1113-543/2023 од 12.06.2023 година и бил оформен предмет У-1.бр.479/2023. На 10.07.2023 година судот ја доставил тужбата на одговор до тужениот орган со барање за достава на списи, по што тужениот орган на 20.07.2023 година ги доставил списите до судот. Предметот чека на ред да биде земен во работа. Во врска со предметот У-1.бр.395/2020 истиот станал правосилен на 31.03.2011 година и истиот бил архивиран. Имајќи го предвид сето наведено Судскиот совет на РСМ најде дека предметот УИ.бр.1/2022 на 22.02.2023 година бил доставен до Вишиот управен суд на одлучување по жалбата, истиот е во работа и потребно ќе биде да се сочека исходот од постапката по жалба. Во врска со предметот У-1.бр.479/2023 оформен по тужбата против потврда бр.1113-543/2023 од 12.06.2023 година предметот чека на ред да биде земен во работа. По донесување на мериторна одлука доколку подносителката е незадоволна има право на жалба до Вишиот управен суд, па бидејќи наводите во претставката воедно претставуваат и жалбени наводи, судот ќе ги има предвид при одлулчувањето. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Претставка <u>УПП.бр.08-45/24</u>. Во претставката, меѓу другото, подносителот наведува дека се работи за два предмета П1.бр.61/23 и П1.бр.60/23 на Основен суд Куманово по тужба на тужителот ДМКУ “Д.Л.” за утврдување на право на сопственост спрема првотужениот Д. и спрема нејзе како втортужена со времена мерка. Тужбата е разделена на две постапки. Предметот П1.бр.60/23 е за привремената мерка, а предметот П1.бр.61/23 за утврдување право на сопственост. Наведува дека судијата и ги ускратил Вашите права согласно закон. Прво не била извршена уредна достава на адресата на која живее, а исто така во постапката за времената мерка судијата не и поставил времен застапник, согласно законот туку истиот го поставил откако држел расправи без да има присутни лица од нејзина страна. Трошоците судијата ги опрделил

без да цени дали истата придонела за истите. По последно донесено решение за време мерка со кое мерката била одбиена, второстепениот суд за само еден месец донел решение дека таквата мерка треба да се усови. Според подносителката судијата закажал нови судење на кои истата не била поканети и биле одржани без нејзино присуство, а во меѓувреме случајно дознала дека е тужена и уредно се јавила во судот, но судијата не сакал да ја сослуша со образложение дека времениот застапник извршил повлекување на нејзиното сослушување. Наведува дека уште пред да биде поднесена тужбата и тоа од месец Февруари 2023 година не била во брак со првотужениот Д. Станот за кој тужителот ја тужи бил купен лично од нејзе со нејзини средства односно наследство од нејзината мајка. Кога се отселиле во Р.Словенија тој стан му го подарила на синот Х. Во тужбата немало никаков имотен лист за станот, а имало извод од матична книга на венчаните, кој не е валиден бидејќи веќе биле разведени со првотужениот Д. Наведува дека судијата постапката ја водел спротивно на законот, истиот не и дозволил ништо да каже или да оспорува, а дозволил исказ да дава сведокот Д. кој е сопруг на основачот. Смета дека судењата биле одржани брзо, едно по друго, без да се води сметка дали сте ги примиле поканите, а судијата ја задолжил со трошоци по постапката, иако според нејзе не ја одолговлекувала постапката. Смета дека судијата постапил спротивно на член 76, 98 и 176 од ЗПП односно тужбата не ги содржела сите докази кои би се докажале и нејзиниот времен застапаник бил поставен после неколку одржани расправи. Од спроведените извиди, увидот во претставката и изјавата на судијата кој постапувал по предметот, Советот најде дека судијата наведе дека по заклучување на главната расправа донел пресуда П1.бр.61/23 од 21.120.2023 година и предметот е по жалба. Со пресудата било усвоено тужбеното барање и утврдил дека тужените меѓу кои и подносителката се стекнале со ½ идеален дел од имотот во ИЛ 72599 за КО Куманово. Судот констатирал повлекување на тужбата во делот со кој се бара да трпи промени во катастарската евиденција. Судот по одржување на главната расправа и изведување на предложените докази ја утврдил фактичката состојба, па потоа со примена на одредбите од членовите 67, 69 и 75 став 2 од Законот за сопственост и други стварни права ја донел одлуката. Судијата на почетокот по добивање на тужбата правил обиди за тужбата со приложените докази да ја достави до подносителката, но бидејќи не биле во Македонија туку во Р.Словенија, судот и определил привремен застапник согласно член 76 од ЗПП. Наводот дека судијата не ја сослушал е неоснован бидејќи предлогот за сослушување на тужените бил повлечен од страна на полномошникот на тужителот. Исто така наводот дека судијата брзо закажувал рочишта, а истата не била поканета е неоснован бидејќи судијата рочиштето за привремена мерка го одржал во присуство на Вашиот привремен застапник, а рочиштето го одржал побрзо согласно одредбите од ЗПП. Согласно сето наведено предметот моментално се наоѓа во Апелациониот суд Скопје заради одлучување по поднесената жалба, па воедно наводите во претставката второстепениот суд ќе ги цени како жалбени наводи при одлучувањето, заради што е потребно да се сочека исходот од истата. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Претставка УПП.бр.08-56/24. Во претставката, меѓу другото, подносителот наведува дека се работи за предмет на Основниот суд Охрид П4.бр.86/22 во кој предмет и покрај истакнатата тужба и допрецизирање на истата со дополнителни барања против

тужениот судијата го отстранил од рочиштето за главна расправа затоа што укажал на последиците од застареноста на побарувањата на доверителот. Судијата не сакал да ја утврди фактичката состојба и да ја запре постапката бидејќи согласно член 138 од Законот за наследување доверителот може да се бара одвојување од имотот од нследниците во рок од 3 месеци од отварањето на службената расправа за оставината. После поминати 11 години и 5 месеци договорот нема никакво правно дејство. Според него постоел неспорен факт што укажува на различна правна положба на давателот на издршката и наследникот бидејќи наследникот стекнува право на сопственост со налседување со самиот момент на смртта на оставителот и оставината преоѓа по сила на закон, додека доверителот после смртта на оставителот стекнува право само на издвојување на имотот од наследникот. Во ваква состојба не може да се оценува совесноста на држателот на имотот кој цели 18 години го владее и одржува истиот. Според него обидите на нотарот и судијата после застарувањата на сите побарувања спротивно на член 183 од ЗПП не може два пати да се обновува и расправа оставинска постапка. Наведува дека за судијата било небитно дека договорот бил фалсификат, дека не бил извршен 5 години и 8 месеци, дека формата му е договор за наследување, кој во нашиот правен систем е забранет, тоа дека е настаната апсолутна застареност на сите побарувања на договорот, како и тоа дека постоечкиот тестамент е прогласен на записник ВПП.бр.112/11 од 29.12.2011 година кој не бил до денес од никого оспорен. Покрај сето наведено судијата го задолжил со трошоци на постапката во износ од 111.982,00 денари и на судијата му било битно договорото да не се поништи за да се бара присилно одземање на владение со пресудата што е преголем товар за наследниците кои без никаква вина го оставиле своето здравје и материјални средства 16 години заедно со покојната сопруга. Подносителот наведува дека правото на судска заштита на сопственоста е загарантирано и со Европската конвенција за заштита на човекови права и слободи, а нашата држава има превземено обрска за задолжително извршување на пресудите на ЕСЧП. Наведува дека после усната расправа на 03.05.2023 година, на ден 15.06.2023 година сте биле удредни од патничко возило со зголемена брзина на пешачки премин, и преку хаубата и шофершајбната бил префрлен бочно на левата страна од возилото со сериозни повреди на телото, за што приложувате и медицински извештај. На крај наведува дека постои фалсификуван договор кое нешто било докажано од судски вештак, нотарското решение било донесено со повторена оставинска постапка после изминати 10 години и 6 месеци и судот не сакал тоа да го утврди бидејќи не сакал да го поништи решението односно не може да се обнови оставинска постапка спротивно на член 360 став 1 и 2 од ЗОО. Од спроведените извиди, увидот во претставката, прилозите на истата, изјавата на судијата кој постапувал по предметот, како и од увидот во софтверската апликација “Контролник на судови” Советот најде дека се работи за предмет каде подносителот е тужител, а тужена е ВК.Ј. од Охрид со барање да се утврди дека договорот за доживотна издршка Зав.Нд.бр.37/2004 од 02.09.2024 година бил ништовен и друго тужбено барање за тоа дека тестаментот Р.бр.82007 од 17.05.2007 година бил постоечки и дека тужителот бил единствен наследник на сега покојната Р.П. Судијата тужбата ја дал на одговор на тужената и одговорот на тужбата му бил доставен по што го прецизирал тужбеното барање. После тоа на 11.01.2023 година со поднесок ја повлекол тужбата, меѓутоа бидејќи одговорот на тужба од тужената бил на 28.11.2022 година, со што истата се впуштила во расправање по главната работа, судијата не можел без нејзина согласност да утврди повлекување на

тужбата. Со писмен поднесок од 17.01.2023 година полномошникот на тужената не дозволил повлекување на тужбата и истиот му бил доставен и на него. После тоа биле одржани две рочишта и по изведување на доказна постапка била донесена пресуда и решение на 16.05.2023 година. Со оглед на тоа дека не била изјавена жалба, пресудата П4.бр.86/22 од 16.05.2023 година станала правосилна и извршна на 08.08.2023 година. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Претставка УПП.бр.08-65/24. Известителот истакна дека претставката се повлекува заради спроведување на дополнителни извиди.

Претседателот на Советот отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

*Претседателот на Советот констатира дека членот на Советот Лорета Горгиева ја напушти седницата од оправдани причини.*

4. Претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот Ивица Николовски во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

УПП.бр.08-87/24 од 06.03.2024 година. Подносителот на претставката изразува незадоволство од одлуката донесена од страна на Основниот граѓански суд Скопје по предметот 9П1бр.41/23. Посочува дека во 2005 година одредено национализирано земјиште по пат на денационализација му било вратено во негова сопственост. Во 2011 година истото тоа земјиште било впишано како сопственост на државата, за што осознава во текот на 2023 година и по тој повод се обраќа до судот со барање да го заштити на неговото право на сопственост.

Наведува дека Основниот граѓански суд Скопје постапувајќи по предметот 9П1бр.41/23, на ден 03.05.2023 година носи одлука со која потврдил дека посоченото земјиште е во сопственост на државата со укажување дека подносителот пропуштил во законскиот предвидениот рок од три години од денот кога државата извршила упис на правото на сопственост да го оспори таквиот упис, односно пропуштил да бара бришење на запишаното во јавната книга за правата на недвижностите поради неточност на претходното запишување со тужба за бришење.

По спроведените извиди по повод поднесената претставката се констатира дека наводите во претставката се однесуваат на незадоволство на подносителот од начинот на примена на материјалното право од страна на посочениот судијата во конкретниот случај. Во таа насока наводите во претставката како жалбени наводи можат да бидат предмет на анализа на повисокиот суд, доколку подносителот навремено вложи редовен правен лек.

Согласно чл.11 од Законот за судовите судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, а согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Судскиот совет нема надлежност да менува или укинува судски одлуки, ниту пак може да им наложува на судовите да ја променат својата одлука.

Предвид наведеното Судскиот совет најде дека наводите во преставката се неосновани, а со оглед дека подносителот нема доставено адреса за кореспондениција претставката се архивира со службена белешка.

Претседателот на Советот отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

*Се констатира дека претседателот на Советот ја напушти седницата од оправдани причини и со седницата раководи заменик претседателот на Советот.*

*Заменик претседателот на Советот констатира дека членот на Советот Лорета Горгиева повторно е присутен на седницата.*

5. Заменик претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот <u>Мирсад Суроји</u> во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка <u>УПП бр.08-360/23</u> за предмет пред Основниот граѓански суд Скопје РО-591/21 од причини да предметот бил оформен по тужба поднесена на 18.02.2021година и по истиот судот сеуште нема донесено одлука .На седницата одржана на ден 27.03.2024година Советот одлучи да не се постапува по претставката и истата со службена белешка се архивира, од причини што на судијата на Основниот

граѓански суд Скопје кој постапувал по предметот на ден 29.02 2024 година поради исполнети услови за старосна пензија му е констатиран престанок на судиската функција.

Претставка <u>УПП бр.08-404/23</u> се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен граѓански суд Скопје по предмет СТ-П1-3/22.Од прибавена изјава од судијата кој постапувал по предметот произлегува дека постапувајќи по Барањето од подносителот за изземање на судечкиот судија, Претседателот на Основниот граѓански суд Скопје со решение СУ ИЗЗ бр.394/23 од 25.12.2023година го усвоил барањето и се иззема судечкиот судија од предметот СТ-П1-3/22, а со Годишниот распоред за работа на судот за 2024 година и формално се распоредува во друг оддел .Наводите за сторени суштествени повреди на постапката може да бидат предмет на оценка од непосредно повисок суд, по евентуално поднесена жалба. Постапката по предметот во Основниот граѓански суд Скопје не е завршена и треба да се сочека одлуката.

По повод претставката УПП.бр.08-404/23 се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска и наведе дека не се согласува со излагањето на известителот. Претставката се однесува на тоа дека тужениот дал вештачење по измината фаза која ја дозволува законот. Тужениот не доставил вештачење и не истакнал образложени причини поради кои не можел да достави вештачење. Судечкиот судија спротивно на процесните правила од чл.235 и 271 после временски период од 7 месеци и одржани 7 рочишта за главна расправа го прифатил вештачењето.

Не се согласи дека претставката е неоснована.

За збор се јави членот на Советот Тања Чачарова Илиевска и наведе дека материјалите што се доставени не се доволни за да може да се определи по однос на наводите дали се основани или не се основани. Произнесувањето на судечкиот судија е во колизија со наводите во претставката. Од таа причина треба и одлуките да ги добијат за да се прочитаат и да се оцени дали се основани наводите во претставката или не. Првично се ослонува на произнесувањето на наводите на судијата, меѓутоа кога има спротиставеност цени дека треба и одлуките треба да бидат доставени.

По завршување на расправата известителот продолжи со реферирање на пријавените претставки.

Претставка <u>УПП бр.08-30/24</u> се изразува незадоволство од постапување на судија на Основниот суд Кочани по предметот ТС-15/20. Од прибавена изјава од судијата кој постапувал по предметот произлегува дека постапувајќи по посебниот предлог за издавање на привремена мерка на тужителот- поднесен со тужба на тужителот по основ стекнување без основ донесено е решение на ден 24.07.2020 година со кој се усвојува предлогот на тужителот за издавање на привремена мерка со забрана за оттуѓување на недвижен имот, сопственост на тужените и да трпат запишување на привремената мерка во корист на тужителот. Решението ТС-15/20 од 24.07.2020година по жалба е потврдено од страна на Апелациониот суд Штип со пресуда ТСЖ- 123/20 од 19.08.2020 година. Со ова решение судот определил дека времената мерка ќе трае 30 дена по правосилно

завршување на постапката по тужба за главната работа која тужба е заведена пред Основниот суд Кочани под бр. П4-17/20, а потоа по укинување на пресудата по овој број добива нов број П4-23/21 и овој предмет бил во работа и по истиот постапувал друг судија. Судијата наведува дека на ден 04.01.2023 година еден од тужените второтужениот има поднеснео барање за укинување на времена мерка издадена со решение ТС -15/20 од 24.07.2020 година, но дека не се точни наводите дека судијата не постапувал по ова барање. Имено, веднаш по прием на барањето судијата побарал од одговорниот референт да му биде доставен предметот П4-23/21 оформен по главата расправа за чија потреба било издадено решението за привремена мерка за обезбедување на побарувањето на тужителот во тој спор, меѓутоа со известување од 14.02.2023 година од страна на одговорниот работник судијата писмено бил известен дека предметот П4-23/21 на ден 26.12.2020 година е испратен по ревизија на тужителот во Врховниот суд на РСМ и од таа причини неможе да му биде даден на увид. Истиот ден судијата писмено го известува полномошникот на тужениот дека неможе веднаш да се постапи по нивното барање за укинување на времената мерка од причина што мора да изврши увид во списите на предметот кој се наоѓа во Врховниот суд на РСМ. На ден 01.03.2023 година полномошникот на тужените до судот доставил писмен поднесок со кој бара да се укине времената мерка и покрај тоа што предметот се наоѓа во Врховниот суд, но судијата наоѓа дека постојат објективни причини односно дека неможе да изврши увид во списите на истиот со оглед на тоа дека ниту тужените не доставиле доказ дека е постапено по пресудата. Предметот П4-23/21 од страна на Врховниот суд на РСМ по кој е донесена пресуда РЕВ2-437/22 од 12.10.2023 година со која изјавената ревизија на тужениот се одбива како неоснована, во Основниот суд Кочани бил вратен во декември 2023 година и по истиот судијата на основниот суд Кочани наведува дека ќе се пристапи кон донесување на одлука по предлогот за укинување на времена мерка откако од страна на тужените биде доставен доказ-налози за извршена уплата на паричните средства на кои се задолжени да ги платат или тужителот потврди дека ги примил овие износи на кои се задолжени тужените, за што судот писмено се обратил до полномошникот на тужените и на тужителот-доверителот Министерство за здравство.Наводите за сторени суштествени повреди на постапката може да бидат предмет на оценка од непосредно повисок суд, по евентуално поднесена жалба. Постапката по предметот не е завршена и треба да се сочека одлуката.

По повод претставката УПП.бр.08-30/24 се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска и наведе дека гледајќи ја изјавата на судијата, истиот потврдува дека привремената мерка е ставена до правосилно окончување на спорот. Неспорно е и за судијата дека правосилно е окончан спорот и се поставува прашањето со кое право судијата чека да биде и извршена, па дури вели ќе чека да се изврши и потоа ќе ја симне привремената мерка. Укажа дека се знае до кога е привремената мерка.

Посочи дека претставката е основана.

За збор се јави членот на Советот Тања Чачарова Илиевска и наведе дека во изјавата судијата вели дека е точно дека учествувал во постапката за определување на

времена мерка, но не се точни наводите од претставката дека тој како судија постапувал по барањето за укинување на времената мерка.

Укажа дека во моментот кога било поднесено барањето за укинување на времената мерка немало доставено и докази од страна на подносителот на барањето, а предметот не во судот, туку е во Врховниот суд.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска и реплицираше дека потоа биле доставени заверени копии од пресудите и можело да се констатира дека пресудата била потврдена од Апелациониот суд и станала правосилна одлуката, а привремената мерка трае до правосилноста. Судијата потоа ги имал сите елементи да одлучи.

За збор се јави членот на Советот Ивица Николовски и наведе дека не се согласува со предлогот дека претставката е неоснована. Нема никогаш да се согласи со постапување на негови колеги како што мислат или како што сакаат, туку секој судија е вршител на судиската должност и должен е да мисли и постапува согласно законот. Само на тој начин ако се гледа работата, на тој начин успешно ќе може да се помогне и да се заштитат и судиите и граѓаните.

Во претставката се работи за обезбедување на побарување. Странката со право се жали. Пресудата е правосилна и извршна и има изминато подолг период. Нека секој се запраша што значи да се има таква забрана, а во услови кога престацијата во одлуката е исполнета. Тука барањето е 400.000,00 денари и луѓето го платиле.

Истакна дека претставката е основана.

По завршување на расправата известителот продолжи со реферирање на пријавените претставки.

Претставка УПП бр.08-41/24 се изразува незадоволство од постапување на судија на Основниот суд Охрид по предмет П1-41/23 и П1-54/23.Од прибавена изјава од судијата кој постапувал по предметите произлегува дека постапувал по две поднесени тужби и тоа по тужба за утврдување на право на сопственост и по тужба за предавање на владение на еден ист недвижен имот и двата предмети по Акмис системот се распределени кај судечкиот судија кој во смисла на одредбата од член 298 и член 299 од ЗПП со почитување на начелото на економичност, целисходност и намалување на трошоците одлучил да ги спои двете постапки и да води единствена постапка, а дотолку повеќе што одлучувањето во постапката за утврдување на правото на сопственост претставува претходно прашање при донесување на одлуката за враќање на владението.На оваа одлука странките и немаат право на жалба. По одржано припремно рочиште на 25.01.2024година донесена е одлука за прекинување на оваа постапка заради решавање на претходно прашање во друга постапка, а во смисла на член 201 вв член 1 т.1 од ЗПП и тоа токму на предлог на сега подносителот на претставката, така што одлуката е донесена на негово барање и не е обжалена . Во однос на наводите во дополнението на претставката судијата наведува дека подносителот изразува незадоволство од процесната одлука на судот со која е одбиен неговиот предлог на полномошникот на спротивната страна да му се оневозможи правото на натамошно застапување поради навршени 74 години возраст а при неспорен факт дека е лиценциран адвокат запишан во Адвокатската комора на РСМ. Судијата наведува дека

вакви приговори се истакнувани во многу други постапки и таквите дилеми се расчистени со правосилни одлуки на овој суд , Апелациониот суд Битола и Врховниот суд на начин што судиите се произнеле дека нема никакви неправилности во застапувањето на полномникот-адвокатот. Во однос на наводите дека судијата не бил иземан од постапувањето се укажува на тоа дека по предлогот за изземање одлучува претседателот на судот , а предвид да во судот постапуваат тројца судии во граѓанска материја и против сите нив подносителот поднесува неосновани барања за изземање. Ова од причина само поради незадоволството од првостепените одлуки кои без исклучок се потврдени со второстепени , а дел од нив и со третостепени одлуки што укажува на тоа дека наводите на подносителот се неосновани.

Претставка УПП бр.08-66/24 за постапување на судија на Основен граѓански суд Скопје по предмет РО-1343/19 .На седницата одржана на ден 27.03.2024 година Советот одлучи да не се постапува по претставката и истата со службена белешка се архива, од причини што на судијата на Основниот граѓански суд Скопје кој постапувал по предметот на ден 29.02 2024 година поради исполнети услови за старосна пензија му е констатиран престанок на судиската функција.

Заменик претседателот на Советот откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

Во врска со преставката УПП.бр.08-404/23 и Претставка УПП.бр.08-30/24 гласањето се издвои и се констатира дека со 6 гласа „За“ и 3 глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на наведените претставки.

Во продолжение се спроведе гласање за преостанатите претставки и се констатира дека со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

*Се констатира дека претседателот на Советот повторно е присутен на седницата и раководи со истата.*

6. Претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот Селим Адеми во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка УПП.бр.8/24 од 09.01.2024 година поради незадоволство од постапување на судии на Основен суд Тетово и Апелационен суд Гостивар. Советот по извршен увид во наводите во претставката како и согласно прибавените изјави најде дека ниту едно право на подносителот на претставка не му било ускратено, постапено е од страна на судот по изјавените предлози за издавање на привремена мерка, предлози за повторување на постапка, а одлуките биле предмет на разгледување од страна на надлежен второстепен суд. Наводите во претставката во смисла на гореизнесеното се жалбени наводи по кои Советот не е надлежен да постапува и истите биле предмет на разгледување од страна на Апелационен суд Гостивар. Согласно чл.11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно, со примена на законот и врз основа на слободна оценка на доказите. Во таа смисла се забранува секој облик на влијание на независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по било кој основ и од било кој субјект.

Претставка УПП-32/24 од 16.01.2024 година. Претставка поднесена од Р.Х. од Скопје,во врска со судска постапка за денационализација на земјиште. Наведено е дека постапката е започната во 2001 година, а последната пресуда од Вишиот управен суд е донесена на ден 20.12.2021 година под број УЗ-1070/19. Со оглед на тоа што претставката не е своерачно потпишана, ниту содржи електронски потпис, со допис од 05.2.2024 година побарано е од подносителот дополнување на претставката, согласно чл.5 од Правилникот за начинот на постапување по претставки и предлози. Со оглед на тоа што по барањето до денот на реферирање на оваа претставка не е постапено согласно рокот од 5 дена, претставката ќе се архивира.

Претставката УПП-83/24 од 29.02.2024 година поднесена анонимен подносител. Согласно член 8 став 1 од Законот за постапување по претставки и предлози органот кој постапува по претставките и предлозите нема да постапува по анонимна претставка, односно предлог, освен ако се работи за прашање од јавен интерес утврдено со закон.

Претседателот на Советот откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

На барање на членот на Советот Лорета Горгиева за преставката УПП.бр.08-83/24 гласањето се издвои и се констатира дека со 9 гласа „За“ и 1 глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на наведената претставка.

Во продолжение се спроведе гласање за преостанатите претставки и се констатира дека со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

*Претседателот на Советот констатира дека членот на Советот Лорета Горгиева ја напушти седницата од оправдани причини.*

7. Претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот Павлина Црвенковска во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка УПП. бр.08-346/23 од 27.10.2023 година - во претставката се изразува незадоволство од постапувањето на судии од Основниот кривичен суд Скопје по предметот К.бр.191/15. Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката ја разгледа истата на седницата на Советот одржана на ден 27.03.2024 година и по расправата не утврди незаконитост во постапувањето на судиите. По направените извиди Советот најнапред констатира дека дописот поднесен од подносителот на претставката евидентиран во Советот како претставка со УПП.бр.08-346/1 всушност преставува уредување на претствка УПП.бр.226/23 поднесена од подносителот на 19.06.2023, а по барање на Советот. По уредување на претставката истата во Советот е евидентирана под нов УПП.бр. 08-346/1 од 27.10.2023 година. Постапувајќи по уредената претставка, а врз основа на направените извиди и изјавите на судиите кои постапувале по предметот Советот го констатиора следното: Во претставката подносителот изразува незадоволство од постапувањето на судии на Основен кривичен суд Скопје кои постапувале по предмет кој најнапред се водел под К.бр.191/15, а по укинувањето од страна на Врховниот суд на РСМ и враќање на повторно постапување во Основниот кривичен суд добил нов број и се водел под К.бр.2882/20. Со претставката подносителот бара Судскиот совет на Република Северна Македонија точно да утврди кој се бил виновен во овој случај со цел правдата за неговиот брат да излезе на виделина. Судскиот совет на Република Северна Македонија согласно со одредбите од Законот за судовите, нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите. Таква надлежност имаат единствено повисоките судови кои во жалбена постапка пропишана со закон ја преиспитуваат и преоценуваат веќе донесената одлука. Од извршените извиди и прибраните податоци, Судскиот совет на Република Северна Македонија констатира дека судиите од Основниот кривичен суд Скопје согласно својата со закон утврдена надлежност, а врз основа на изведените докази и утврдена фактичка состојба донеле на закон заснована одлука. Донесените одлуки се израз на слободно судиско уверување на судиите кои постапувале по конкретните предмети. Воедно, Советот утврди дека во првостепениот предмет наведен во претставката и донесените првостепените пресуди по повод изјавени жалби од страна на братот на подносител биле на преоцена пред Апелациониот суд Скопје, кој врз основа на сите факти и докази донел одлуки кои се јасни разбирливи и засновани на закон. Првата пресуда донесена од Основниот кривичен суд Скопје К.бр.191/15 од 06.07.2015 година донесена во текот на 2015 година најнапред била потврдена со пресуда на Апелациониот

суд Скопје во 18.02.2016 со што станала правосилна на 18.02.2016 година, а извршна на 08.03.2016 година. Потоа следело укинување на пресудата со одлука на Врховниот суд на Република Северна Македонија, КВП 2 бр.39/16 од 30.09.2020 година. По укинување на пресудата К.бр.191/15 предметот добил нов број К.бр.2882/20. При повторното постапување Основниот кривичен суд донел пресуда К.бр.2882/20 од 26.03.2021 година. Во оваа постапка судечкиот судија постапувал по напатствијата на Врховниот суд на Република Северна Македонија. Во таа насока како и по барање на одбраната судија извршила реконструкција на настанот по што на 26.03.2021 година донела пресуда К.бр.2882/20 со која обвинетиот го огласила за виновен за кривично дело убиство и го осудила на казна затвор од 13 години. Пресудата К.бр.2882/20 од 26.03.2021 година била потврдена со пресуда на Апелациониот суд Скопје, КЖ.бр.714/21 од 24.11.2021 година. Наведеното упатува на заклучокот дека во конкретниот предмет подносителот го искористил со закон дозволеното право на контрола на одлуките пред надлежен суд со поднесување на редовни и вонредни правни лекови. Воедно, Вашите наводи изнесени во преставката видно од нивната содржина се жалбени наводи кои биле ценети и по истите се имаат произнесено повисоките судови. Врз основа на утврденото Советот најде дека преставката е неоснована.

Претставка УПП.бр.08-399/23 од 11.12.2023 година - во претставката се изразува незадоволство од постапувањето на судии од Апелационен суд Скопје, по предметот ГЖ.бр.2625/20. Судскиот совет на Република Северна Македонија по расправата,по претставката констатира дека судиите на Апелационен суд Скопје кои постапувале по конкретниот предмет, врз основа на изведените докази, донеле одлука која е израз на нивното слободно судиско уверување. Од изјавата на судијата известител по предметот од Апелационен суд Скопје, се утврди дека судиите членови на судечкиот совет кои одлучувале по предметот во жалбената постапка врз основа на оцена на сите околности и докази, во согласност со Закон, донеле јасна и образложена одлука ГЖ.бр.2625/20. Во донесената одлука судиите дале доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководеле при донесување на одлуката, посочувајќи ги законските одредби од чл.12 од Законот за извршување и причините за одлученото. При тоа во својата донесена одлука судиите дале доволно образложени причини зошто не се исполнети условите од чл. 12 од Закнот за извршување да се укине клаузулата за правосилност и извршност на првостепеното решение ВПП1 – 77/16 од 06.10.2017 година, правосилно на ден 03.05.2018 година. Ова дотоклу повеќе што наводите изнесени во жалбата поднесена од подносителот на претставката биле паушални и непоткрепени со докази, па во таа насока и ирелевантни за било какво поинакво одлучување и што со предметното решение од кое подносителот изразува незадоволство судиите на Апелациониот суд Скопје одлучувале само по жалбата против првостепеното решение ВПП 1 – 77/16 од 06.10.2017 година со кое првостепениот суд го одбил предлогот на предлагачот за укинување на клаузулата на правосилност и извршност на решението, кое станало правосилно на 03.05.2018 година и извршно на 27.06.2018 година. Во контекст на изложеното, наводите на подносителот изнесени во преставката иако нејасни и со паушална содржина Советот ги смета за жалбени наводи кои биле ценети од страна на повисокиот суд, во случајов Апелациониот суд Скопје, кој единствено може да ја менува или укинува првостепената одлука во постапка пропишана со закон. Судскиот совет на РСМ нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување,

укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите. Согласно со одредбите од Законот за судовите, такво право има само надлежен суд кој во постапка пропишана со закон може да ја преиспита судската одлука. Врз основа на утврденото Советот најде дека преставката е неоснована.

Претставка УПП. бр.08-49/24 од 11.03.2024 година – во претставката се изразува незадоволство од постапувањето на судија од Основен суд Битола по предметот ПРК-Ј 302/23. Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката го констатира дека следното: Станува збор за рачно напишана претставка со нејасна содржиба во која покрај од судија подносителот изразува незадиоволство од постапување и на други органи. Од содржината на претставката и направените извиди во доказите доставени во прилог со истата, во делот кој се однесува на постапувањето на судијата се утврди дека во конкретниот случај незадоволството на подносителот се однесува на постапувањето на судијата со наводи дека истата е пристрасна од кои причини бара нејзино изземање од потапување по предметот ПРК-Ј – 302/23. Од направените извиди се утврди дека станува збор за предмет кој е сеуште во тек, во кој судијата постапува согласно со закон и го превзема сите процесни дејствија. По однос на наводите од претставката, со кои подносителот бара Советот да го изземе судијата кој постапува по предметот, изземањето на судија не спаѓа во надлежностите на Советот утврдени во чл.36 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија. За изземање на конкретен судија од постапување по конкретен предмет одлучува претседателот на судот, кое право на изземање на судијата видно од доказот доставен во прилог со претставката како странка подносителот го искористил во текот на постапката од кои причини потребно е да ја сочека одлуката од претседателот на судот. Во делот на наводите од претставката кои се однесуваат на постапувањето на лица вработени во други државни органи кои според наводите на подносителот на претставката се инволвирани во дејствија спротивни на закон, доколку располага со одредени докази подносителот може да покренете други постапки пред надлежни институции. Согласно со наведеното, Советот најде дека преставката е неоснована.

Претставка УПП. бр.08-60/24 од 12.02.2024 година – во претставката се изразува незадоволство од постапувањето на судија од Апелационен суд Битола, по предметот ГЖ.бр.608/23. Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката по расправата по истата констатира дека претставката е неоснована. Во претставка подносителот изразува незадоволство од постапувањето на судии на Апелационен суд Битола по предметот ГЖ.бр.608/23, со барање Судскиот совет на Република Северна Македонија да се заложи за сеопфатно решавање на предметот.Судскиот совет на Република Северна Македонија согласно со одредбите од Законот за судовите, нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите. Таква надлежност имаат единствено повисоките судови кои во жалбена постапка пропишана со закон ја преиспитуваат и преоценуваат веќе донесената одлука. Од извршените извиди и прибраните податоци, Судскиот совет констатира дека Основниот суд Охрид согласно својата со закон утврдена надлежност, а врз основа на изведените докази и утврдена фактичка состојба донел првостепена одлука од која сте останале незадоволни. Првостепената пресуда по повод изјавена жалба од страна на подносителот била на

преоцена пред Апелациониот суд Битола, како надлежен суд кој само може да менува или укинува одлука во постапка пропишана со закон. Апелациониот суд Битола во насока на утврдување правилна фактичка состојба закажал и одржал јавна расправа. На јавната расправа врз основа на сеопфатна анализа на сите факти и докази секој посебно и сите заедно судиите донеле соодветна одлука повикувајќи се на одредбите од материјалното право. Во таа насока неосновани се и наводите истакнати во претставката дека судијата во пресудата повеќе се занимавала со трошоците на постапката отколку со главното барање.Донесената одлука е израз на слободно судиско уверување на судиите кои постапувале по конкретниот предмет. Врз основа на утврденото Советот најде дека преставката е неоснована.

Претставка УПП. бр.08-70/24 од 19.021.2024 година - во претставката се изразува незадоволство од постапувањето на судии од Основен кривичен суд –прекршочен оддел по предметите ПРК-Ј-1617/19 И ПРК.бр.1023/17-Ј и од постапувањето на судија од Основен граѓански суд по предметот П1 – 542/21,Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката не утврди незаконитост во постапувањето на судиите. Судскиот совет на Република Северна Македонија по направените извиди го констатира следното: По однос на наводите во кои подносителот изразува незадоволство од постапување на судија од Основен граѓански суд Скопје по предметот П1 бр.542/21 од извршените извиди и прибраните податоци, Советот констатира дека судијата од Основниот граѓански суд Скопје согласно својата со закон утврдена надлежност, а врз основа на изведените докази и утврдена фактичка состојба донел на закон заснована одлука. Првостепената пресуда по повод изјавена жалби од страна на подносителот на претставката била на преоцена пред Апелациониот суд Скопје, кој врз основа на сите факти и докази донел одлука која е јасна, разбирлива и засновани на закон, што упатува на заклучокот дека подносителот го искористил со закон дозволеното право на контрола на првостепената одлука пред надлежен суд. По однос на наводите во кои подносителот изразува незадоволство од постапувањето на судија од Основен кривичен суд Скопје по предметот ПРК-Ј бр.1671/19 од извршените извиди и прибраните податоци, Советот констатира дека судијата врз основа на изведените докази и утврдена фактичка состојба донел на закон заснована одлука. Со оглед на околноста да станува збор за првостепена одлука подносителот имал можност доколку е незадоволен од истата да поднесе жалба до второстепен суд кој е единствено надлежен во постапка пропишана со закон да ја цени законитоста на одлуката донесена во прв степен. По однос на наводите во кои подносителот изразува незадоволство од постапувањето на судија од Основен кривичен суд Скопје по предметот ПРК 1023/17-Ј од извршените извиди и прибраните податоци, Советот констатира дека во оваа постапка подносителот нема својство на странка бидејќи истата се водела против друго лице во својство на обвинет. По однос на наводи за застареност на предметот од пресудата доставена во прилог со претставката видно е дека прекршочната пријава е поднесена на ден 15.09.2017 година. Оттука правилно постапил првостепениот судија кога на расправен записник од расправата одржана на ден 01.09.2021 година на која сте биле присутен согласно со одредбите од Законот за прекршоците констатирала апсолутна застареност на прекршочното гонење. Судскиот совет на Република Северна Македонија нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите. Согласно одредбите од Законот за судовите, такво право има само надлежен

суд кој во постапка пропишана со закон може да ја преиспита судската одлука. Врз основа на утврденото Советот најде дека преставката е неоснована.

Претставка УПП. бр.08-80/24 од 27.02.2024 година - во претставката се изразува незадоволство од постапувањето на, судии на Апелационен суд Скопје по предмет РСЖ.бр.1994/08. Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката го констатира следното: Судиите против кои е поднесена претставката не се активни судии, односно станува збор за судии за кои е констатиран престанок на вршење на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија. Воедно, со оглед на околноста да видно од претставката незадоволството од постапувањето се однесува на предмет од 2008 година се констатира дека согласно со одредбите од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија се изминати сите рокови за утврдување одговорност. Врз основа на утврденото Советот најде дека преставката е неоснована.

Претставка УПП бр.08-90/24 од 08.03.2024 година - Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката, ја разгледа истата на седницата на Советот одржана на ден 27.03..2024 година и по расправата констатира дека по претходно поднесени претставки до Судскиот совет на подносителот му е одговорено со известување УПП бр.08-386/23 од 07.02.2024 година. Со оглед на тоа дека ново поднесената претставка на подносителот, во Советот заведена под УПП бр.08-90/1 од 08.03.2024 година се однесува на прашања на кои веќе му е одговорено и во истата не наведува нови факти и околности кои не биле познати при предходното постапување – предходните претставки, Советот утврди дека согласно член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози нема основ за постапување по преставката, заради што предметот се смета за завршен и истиот се архивира со службена белешка.

*Претседателот на Советот констатира дека членот на Советот Лорета Горгиева повторно е присутен на седницата.*

Претседателот на Советот отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

8. Претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот Тања Чачарова Илиевска во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставката <u>УПП-59/24</u> од 12.2.2024 година е поднесена од адв. В.Ш. од Скопје во име на Општина Пехчево, застапувано од овластено лице А.К. од Пехчево по предмет РО-53/23 кој се води пред Основен суд Виница. По разгледување на претставката Советот најде дека истата не содржи полномошно од властодавецот, односно уредно полномошно од подносителот кој го застапува, па во таа смисла, а согласно Заклучокот на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 12.12.2022 година со кој е предвидено полномошникот кој доставил претставка до Советот е должен да достави и уредно полномошно од подносителот кој го застапува со допис од 16.02.2024 година беше побарано претставката да се дополни. Со оглед на тоа што подносителот на претставка не постапи по барањето на Советот, претставката се смета за повлечена и истата ќе се архивира.

Претставката заведена под <u>УПП бр.08-69/24</u> од 16.2.2024 година беше разгледана на седница на Советот на ден 27.03.2024 година и притоа беше констатирано дека во истата не се изнесени нови околности од веќе изнесените во претходно поднесената претставка до Советот од истиот подносител, заведена под број УПП бр.08-281/1 од 14.08.2023 година која била разгледана на одржана седница на Советот на 28.09.2023 година и оценета како неоснована за подносителот бил известен. Имено, подносителот до Советот со допис од 16.2.2024 година доставува молба да се разгледа неговата претставка која ја доставил претходно и да се утврди дали судијата кој постапувал по предметот на Основен суд Битола П4-127/22 ги сторил посочените незаконитости. Ова од причина што не е задоволен од одговорот што го добил од Советот. Согласно член 11 од Законот за постапување по предлози и претставки кога претставката, Советот оцени по оваа претставка да не постапува и истата да се архивира.

Претставка <u>УПП.бр.99/24</u> од 14.03.2024 година – подносителот изразува незадоволство од донесена одлука на Апелационен суд Скопје. Бара Советот да го преиспита предметот, со оглед на тоа што второстепениот суд без никакви конкретни напатствија и аргументи го преиначил првостепеното решение на Основен граѓански суд Скопје и да се донесе законита одлука. Советот укажува на подносителот дека наводите во претставката се жалбени наводи по кои веќе е постапувано и одлучувано, односно нема надлежност да преиспитува судски одлуки, особено кога станува збор за жалбени наводи кои веќе биле предмет на преиспитување од страна на надлежен второстепен суд во постапка пропишана со закон. Согласно од чл.13 ст.3 од Законот за судови каде е предвидено дека судска одлука може да се менува или укинува само од надлежен суд во постапка пропишана со закон. Во таа смисла се укажува на подносителот дека судијата одлучува врз основа на слободно судиско убедување и врз основа на закон, а Советот нема надлежност да презема дејствија кои се надвор од надлежностите утврдени со закон. Второстепениот суд во конкретниот случај дал доволно образложени причини од кои се водел при одлучувањето.

Претседателот на Советот отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

9. Претседателот на Советот му даде збор на заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка УПП бр.08-58/24 се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Штип по предметите РО-107/21 и РО-143/23.Советот по спроведени извиди и од прибавена изјава од судијата кој постапувал по предметот утврди дека Основниот суд Штип постапувал по две тужби од подносителот. По едната заведен е предмет РО-167/21 и се однесува на поништување на одлука за отказ, а другата тужба заведена под РО-107/21 по основ разлика во плата, трошоци и други надоместоци.По предметот РО-167/21 Основниот суд Штип донел пресуда РО-167/21 од 04.03.2022 година со која се усвојува тужбеното барање и се поништува одлуката на тужениот како не законита. Пресудата РО-167/21 на Основниот суд Штип е потврдена од Апелациониот суд Штип со пресуда РОЖ-107/22 од 07.07.2022 година. По изјавена ревизија од тужениот, Врховниот суд на РСМ донел решение РЕВ 3-115/22 со кое ги укинал првостепената и второстепената одлука од причини што постои решение на Државната комисија за одлучување во управна постапка во втор степен, со кое решение жалбата на тужителката била одбиена и кое решение станало правосилно. Мегутоа пред простепениот суд тужителката немала истакнато барање за поништување и на ова решение на Државната комисија, и судот неможе да постапува доколку такво барање не е истакнато, па од тие причини првостепениот суд нема донесено пресуда која се однесува на поништување на решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка во втор степен. Како втора причина за укинување на пресудите, Врховниот суд наоѓа дека тужителката за поведената дисциплинска постапка била известена преку телефонска порака од член на дисциплинска комисија и дошла на закажаниот термин на дисциплинската комисија, мегутоа тој ден не се одржала расправата пред Комисијата. Од овие причини Врховниот суд наоѓа дека тужителката била запозната дека против неа се води дисциплинска постапка иако списите за таа поведена дисциплинска постапка и доказите не и биле доставени.При повторно постапување Основниот суд Штип не го прифатил барањето на тужителката која го проширила тужбеното барање, па покрај поништувањето на одлуката за отказ побарала и да се поништи решението на Државната комисија која одлучување во управна постапка во втор степен. Судот не го прифатил проширувањето бидејќи тужителката во текот на целата првостепена постапка знаела за решението на Државната комисија, но не побарала негово поништување. По поднесена жалба Апелациониот суд Штип укажал дека Основниот суд Штип треба да постапува на начин што да одлучува и по

проширувањето, односно да одлучува и за поништување на решението Државната комисија. По ова укажува Основниот суд Штип донел пресуда РО-134/23 со која го одбива тужбеното барање на тужителката и ги прифаќа укажувањата на Врховниот суд. Во овој момент предметот се наоѓа во Апелациониот суд Штип .По однос на предметот РО бр.107/21 кој с еоднесува на разлика во плата, додатоци и трошоци на плата, Основниот суд Штип делумно го усвоил барањето на тужителката , па истата незадоволна од ова решение поднела жалба и предметот се наоѓа во Апелциониот суд Штип.Постапките по двата предмети не се завршени , а наводите во претставката кои се жалбени наводи ќе бидат предмет на преоценка од страна на непосредно надлежен повисок суд.

Претставка УПП бр.08-68/24 се изразува незадоволство од постапување на судии на Апелациониот суд Штип по предмет РОЖ-487/23 .

Советот по спроведени извиди и од прибавена изјава од судиите кои постапувале по предметот утврди дека Апелациониот суд Штип со пресуда РОЖ-487/23 од 01.02.2024 година жалбата изјавена од тужениот ДПТУ Ј. ДООЕЛ Штип ја одбил како неоснована , а пресудата на Основен суд Штип РО бр.210/23 од 03.07.2023година ја потврдил, поради кое фирмата била задолжена да му плати на тужителот износ од 12.578 денари на име регрес за годишен одмор за 2022 година со законска казнена камата од 10.10.2022 година до конечна исплата.Во однос на предметите на кои подносителот се повикува за веќе воспоставена правна пракса и тоа конкретни пресуди РОЖ-129/20, РОЖ-421/16 и РОЖ-344/19 каде Апелациониот суд Штип ги прифаќа спогодбите склучени со вработените и потписи за согласност да примат намален износ на регрес за годишен одмор, се наведува дека истите се однесуваат на вработени во други сектори за кои важат други колективни договори. Во конретниот случај за тужениот судот наоѓа дека важи Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството, во кој со член 28 се уредени обврските на работодавачот да му исплати надомест на плати на работникот мегу кои и надомест на годишен одмор. Воедно судот го имал предвид жалбениот навод на тужениот дека првостепениот суд при донесување на првостепената одлука не ја имал предвид Спогодбата за утврдување на регрес за годишен одмор во намален износ за просечна плата во последните 3 месеци од 2022 година бр.0306-65/602 од 05.12.2022 година со која е утврдено дека регресот изнесува 100,00 денари, а не во износ од 12.578,00 денари колку судот утврдил во својата одлука , но не го прифатил како основан бидејќи утврдил дека правото на регрес за годишен одмор е веќе утврдено согласно закон и Колективен договор на тужениот, кој имал обврска да му го исплати регресот на годишен одмор на тужениот најдоцна до 10.0.2022година. Апелациониот суд Штип по однос на ваквата спогодба има мислење дека неможе ретроактивно да се применува и со неа да се ограничуваат веќе определните законски и колективни права на вработените –тужителот на кого работниот однос му престанал заклучно со 09.10.2022 година со откажување на договорот за вработување, а спогодбата била донесена после 2 месеци од престанокот на работниот однос и тоа на 05.12.2022 година, а тужителот не се има потпишано на истата за согласност да прима регрес на годишен одмор во износ од 100,00 денари.Советот најде дека судиите донесената одлука ја засноваат на изведени докази и факти, а предвид да тужениот не доставил доказ дека е во лоша економска состојба, само истакнал ваков навод и не доставил свое вештачење по однос на финансиска сосотојба на која се повикува во претставката, а од вештачењето на тужителот судот утврдил дека тужениот имал и искажал добивка за тековната година со

доказ.Предвид наведеното наводите во претставката кои како жалбени наводи биле предмет на оценка од страна на судот, Советот најде дека се неосновани.

Претставка УПП бр.08-88/24 се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Прилеп по предмет П4-36/22. Подносителот смета дека судијата ја води постапката несовесно и ја одолговлекува во интерес на тужениот.Советот по спроведени извиди утврди дека предмет на расправа во судската постапка по предметот П4-36/22 пред Основен суд Прилеп е барање за надомест за недозволено користење на имотот на тужителот од страна на тужениот. Наводите кои се жалбени наводи може да бидат предмет на оценување од страна на повисок суд доколку подносителот е незадоволен од одлуката и исходот на постапката, на која треба да се сочека.

Претседателот на Советот отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

Претседателот на Советот констатира дека е исцрпена 5-та точка од дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 6-та точка од дневниот ред.

Точка 6

(Формирање на комисии на известители по поднесени барања за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд)

Врз основа на чл.39 ст.2 од Законот за Судски совет претседателот на Советот предложи за 6-та точка од дневниот ред јавноста да се исклучи од седницата.

Претседателот на Советот отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Судскиот совет заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот со право на глас ја исклучи јавноста од седницата за 6-та точка на дневниот ред.

Се констатира дека претставниците на медиумите и друга поширока јавност ја напуштија седницата.

[redacted]

[redacted]

Претседателот на Советот констатира дека е исцрпена 6-та точка од дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 7-та точка од дневниот ред.

Точка 7
(Разно)

● По повод 7-та точка од дневниот ред претседателот на Советот информираше дека по однос на одредена претставка, по нејзиното реферирање на седница било констатирано дека има грешка во податоците од Контролникот на Судскиот совет во поглед на датумот на застареност на предметот - 02.01.2024 година, а во текот на изготвување на известувањето по одлуката на седницата од страна на подносителот на претставката на ден 11.03.2024 година бил доставен допис од кој произлегува дека предметот сеуште е во тек.

По консултации со останатите членови се констатира дека по извршени дополнителни извиди претставката ќе се пререферира на наредната седница за претставки.

● По повод 7-та точка од дневниот ред претседателот на Советот информираше дека со одлука на Судскиот совет доделени се патни трошоци на одредени членови на Судскиот совет, меѓу кои и на заменик претседателот на Судскиот совет. Со оглед дека

заменик претседателот ја користи службената кола, а истовремено му се исплаќаат и патни трошоци се јавуваат одредени дилеми, па во таа насока отвори расправа.

*Претседателот на Советот констатира дека заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели ја напушти седницата од причина што е покренато прашање во врска со користењето на одредени права од негова страна.*

За збор се јави членот на Советот Селим Адеми и наведе дека Законот укажува дека доколку се користи службено возило не следуваат патни трошоци, но тоа подразбира дека со службеното возило се користи и надоместок за гориво за истото тоа возило. Праксата на Судскиот совет е дека заменикот претседател или одредени членови користеле службени возила, но користеле и патни трошоци, затоа што не им се исплаќал надоместок за гориво и посочи дека треба да се продолжи со истата пракса.

За збор се јави претседателот на Советот Весна Дамева и наведе дека го истакнала како проблем и сака тука да биде решен, бидејќи Судскиот совет ја носи одлуката за патни трошоци. Наведе дека во наредниот период по однос на користењето на службените возила треба да се изготви нацрт правилник за користење и да се разгледа на колегиум, како би се расчитиле одредени дилеми.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска и наведе дека треба да се исплатат патните трошоци на колегата Ханиф. Укажа дека ситуацијата е лимбо, Законот не познава такво нешто, меѓутоа факт е дека колегата самиот ги сноси трошоците за гориво. Посочи дека под итно треба да се решат дилемите и да се се донесе правилник како би немале „главобоки“.

Како резултат на согласност на членовите на Советот претседателот на Советот констатира дека му следува правото на патни трошоци на заменик претседателот на Советот.

Откако повеќе никој од членовите на Советот не се јави за збор претседателот на Советот констатираше дека е исцрпен дневниот ред за 482-та седница на Советот и дека истата е завршена во 15:30 часот.

Напомена**:** Тонскиот запис и Листингот со резултатите од гласањето се составен дел на овој записник.

СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
Весна Дамева

Изработил: Ален Раденковиќ
Одобрил: Весна Толева